# НАЦИОНАЛЕН СОВЕТ ЗА ВИСОКО ОБРАЗОВАНИЕ И НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ

**4327.**

Врз основа на член 43, став 2, точка 4 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Националниот совет на 16.11.2023 година донесе

## П Р А В И Л Н И К
## ЗА СОДРЖИНАТА НА СТУДИСКИТЕ ПРОГРАМИ

### I. Општи одредби

### I.1. Предмет на уредување

Член 1

Со овој Правилник се утврдува содржината на студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии.

### I.2. Цел

Член 2

Целта на овој Правилник е да се утврдат елементите што ја чинат содржината на секоја од студиските програми како збир на наставни компоненти од едно или повеќе студиски подрачја која му дава можност на лицето кое ја завршило истата да врши некоја професионална дејност или да ги продолжи студиите.

### II.Содржина на студиска програма

Член 3

**Карта на високообразовната установа**

(1) Картата на високообразовната установа (Прилог бр. 1 според Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, „Сл. весник на РСМ“ бр. 256/2022) ги содржи следниве елементи:

1. Назив на високообразовната установа;
2. Седиште;
3. Интернет страница;
4. Вид на високообразовната установа (јавна, приватна, приватно-јавна непрофитна);
5. Податоци за последната акредитација;
6. Студиско подрачје или уметничка дисциплина (според Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО - МСКОБ, ISCED) и научно-истражувачки подрачја (според Меѓународната Фраскатиева класификација од 2015 година) за кои е добиена акредитација;
7. Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, научно-истражувачката работа и мобилноста на студентите;
8. Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и научно-истражувачката дејност;

9. Податоци за опремата за изведување на наставната и научно-истражувачката дејност;
10. Вкупен број на студенти за кои се добиени претходни акредитации;
11. Број на студенти (првпат запишани);
12. Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања;
13. Број на лица во соработнички звања;
14. Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник);
15. Однос простор: студенти (м2 на еден студент);
16. Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите;
17. Фреквенција на самоевалуциониот процес (секоја година, на две години, на три години) и датум на последната самоевалуација;
18. Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата;
19. Други податоци кои установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност.
(2) За интердисциплинарни студии, се наведува Картата на високообразовната установа - носител на студиската програма и Картите на високообразовните установи - учесници во студиската програма.
(3) Картата на високообразовната установа е содржана во Прилог бр. 1, којшто е составен дел од овој Правилник.

Член 4
**Податоци за студиската програма на прв/втор циклус**

(1) Како основни податоци студиската програма мора да ги содржи следниве елементи:

I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

1. Назив на студиската програма на македонски и англиски јазик, а ако студиската програма се реализира на друг јазик различен од македонскиот јазик, а кој го користат припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, називот на студиската програма е на тој јазик, македонски јазик и англиски јазик;
2. Единица на високообразовната установа (единица на универзитетот);
3. Студиските полиња или уметнички дисциплини од прво, второ и трето ниво (Меѓународна стандардна класификација на образованието на УНЕСКО - МСКОБ, ISCED). За интердисциплинарни студиски програми, се наведуваат соодветните студиски полиња или уметнички дисциплини од прво, второ и трето ниво;
4. Вид на студии (академски или стручни);
5. Циклус на образование (прв или втор циклус на студии, или интергириран прв со втор циклус студии);
6. Оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС кредити и доколку е предвидено, подготвителни курсеви;
7. Времетраење на студиите (години и семестри на траење на студиската програма);
8. Податоци дали студиската програма се поднесува за акредитација или за продолжување на претходна акредитација;
9. Начин на финансирање на предложената студиска програма, а за приватните и приватно-јавните непрофитни високообразовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма;
10. Степен или ниво на квалификација потребно за запишување на студиите според Националната рамка на квалификации;
11. Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти, кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма, од државната матура, или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување;
12. Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Националната рамка на квалификации;
13. Академски или стручен назив кој се стекнува по завршувањето на студиската програма;
14. Академски или стручен назив на англиски јазик кој се стекнува по завршувањето на студиската програма;
15. Можни занимања со назив и шифри согласно Националната класификација на занимања (ISCO);
16. Информација за продолжување на образованието, вклучувајќи студиски и научни полиња за студиски програми од втор и трет циклус на академски или стручни студии, за кои со завршување на соодветната студиска програма од прв или втор циклус на студии, се обезбедува соодветна проодност.

II. ДЕТАЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

17. Оправданост за воведување на студиската програма;
18. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри;
19. Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции;
20. Цели на студиската програма и резултати од учење кои се стекнуваат со завршување на студиите;
21. Општи и специфични дескриптори на квалификациите;
22. Структура на студиската програма (соодност помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите);
23. Правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис;
24. Можности за избор на предмети од други акредитирани студиски програми;
25. Соодветност на структурата и содржината на циклусот на студии со општите и специфичните дескриптори;
26. Усогласеност на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма;
27. Учебна година во којашто ќе започне реализацијата на студиската програма;

28. Број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма;

29. Информација за бројот на студенти (првпат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација;

30. Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма;

31. Јазик на којшто ќе се изведува наставата;

32. Можност за изведување на наставата на странски јазик;

33. Рокови за завршување на предвидените активности од студиската програма;

34. Правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, дипломска работа, магистерски труд и други активности кои се изведуваат писмено, кои опфаќаат најмалку содржина, обем, начин на пишување и други релевантни барања;

35. Вредност во ЕКТС кредити на завршната работа на стручните и академските додипломски и постдипломски студии;

36. Содржина на додатокот на диплома кој се издава со завршување на студиската програма (Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на други јавни исправи, „Сл. весник на РМ“ бр.102/2018).

## III. ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА КОЈА ЈА ОРГАНИЗИРА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

37. Листа на наставен кадар со податоци;

38. Податоци за формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кои кореспондираат со специфичноста на студиската програма, односно профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар;

39. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма;

40. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма;

41. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература;

42. Информација за интернет страница;

43. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата;

44. Резултати од изведената самоевалуација; и

45. Други прашања од значење за изведување на студиската програма.

(2) Податоците за студиската програма на прв/втор циклус од ставот 1 на овој член се содржани во образец кој е даден во Прилог 2.1 и е составен дел на овој Правилник.

Член 5

**Податоци за студиската програма на трет циклус**

(1) Како основни податоци студиската програма за трет циклус мора да ги содржи следниве елементи:

## I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

1. Назив на академската студиска програма на македонски и англиски јазик, а ако студиската програма се реализира на друг јазик различен од македонскиот јазик, а кој го користат припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, називот на студиската програма е на тој јазик, македонски јазик и англиски јазик;

2. Единица на високообразовната установа (единица на универзитетот);

3. Научно-истражувачко подрачје, поле и област (согласно Меѓународната Фраскатиева класификација од 2015 година и релевантни домашни акти). За интердисциплинарни студиски програми, се наведуваат соодветните научно-истражувачки подрачја, полиња и области;

4. Циклус на образование (трет циклус на студии);

5. Оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС кредити и доколку е предвидено, подготвителни курсеви;

6. Времетраење на студиите (години и семестри на траење на студиската програма):

7. Податоци дали студиската програма се поднесува за акредитација или за продолжување на претходна акредитација;

8. Начин на финансирање на предложената студиска програма, а за приватните и приватно-јавните непрофитни високообразовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма;

9. Степен или ниво на квалификација потребно за запишување на студиите според Националната рамка на квалификации;

10. Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти, кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма, од државната матура или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување;

11. Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Националната рамка на квалификации;

12. Научен назив кој се стекнува по завршувањето на студиската програма;

13. Научен назив на англиски јазик кој се стекнува по завршувањето на студиската програма;

14. Можни занимања со назив и шифри согласно Националната класификација на занимања.

## II. ДЕТАЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

15. Оправданост за воведување на студиската програма;

16. Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри;

17. Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции;

18. Цели на студиската програма и резултати од учење кои се стекнуваат со завршување на студиите;

19. Општи и специфични дескриптори на квалификациите;

20. Структура на студиската програма (сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите);

21. Правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис;

22. Можности за избор на предмети од други акредитирани студиски програми;

23. Соодветност на структурата и содржината на циклусот на студии со општите и специфичните дескриптори;

24. Усогласеност на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма;

25. Учебна година во којашто ќе започне реализацијата на студиската програма;

26. Број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма;

27. Информација за бројот на студенти (првпат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација;

28. Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма;

29. Јазик на којшто ќе се изведува наставата;

30. Можност за изведување на наставата на странски јазик;

31. Рокови за завршување на предвидените активности од студиската програма;

32. Правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, докторска дисертација и други активности кои се изведуваат писмено, кои опфаќаат најмалку содржина, обем, начин на пишување и други релевантни барања;

33. Вредност во ЕКТС кредити на докторската дисертација;

34. Содржина на додатокот на диплома кој се издава со завршување на студиската програма (Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на други јавни исправи, „Сл. весник на РМ“ бр.102/2018).

## III. ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА КОЈА ЈА ОРГАНИЗИРА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА

35. Листа на наставен кадар со податоци;

36. Податоци за формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кои кореспондираат со специфичноста на студиската програма, односно профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар;

37. Листа на акредитирани ментори на докторски студии;

38. Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма;

39. Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма;

40. Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература;

41. Информација за интернет страница;

42. Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата;

43. Резултати од изведената самоевалуација; и

44. Други прашања од значење за изведување на студиската програма.

(2) Податоците за студиската програма на трет циклус од ставот 1 на овој член се содржани во образец кој е даден во Прилог 2.2, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 6

**Содржина на предметните програми**

(1) Предметните програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии (Прилог бр. 3 според Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, „Сл. весник на РСМ“ бр. 256/2022) ги содржат следните компоненти:

1. Наслов на наставниот предмет;
2. Код;
3. Студиска програма;
4. Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел);
5. Степен (прв, втор, трет циклус);
6. Академска година/семестар;
7. Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити;
8. Наставник (во случај на повеќе наставници, назначаен одговорен наставник);
9. Јазик на кој се изведува наставата;
10. Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот;
11. Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето;
12. Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје;
13. Заемна поврзаност на предметите;
14. Детален опис на наставните и работните методи за предметот;
15. Вкупен расположив фонд на време и распределба на расположивото време;
16. Форми на наставните активности: 16.1. Предавања-теоретска настава: часови, 16.2. Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови; 16.3. Пракса: часови;
17. Други форми на активности: 17.1. Проектни задачи: часови, 17.2. Самостојни задачи: часови; 17.3. Домашно учење: часови;
18. Услов за потпис;
19. Начин на оценување: 19.1. Тестови: бодови; 19.2. Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови; 19.3. Активност и учество: бодови; 19.4. Завршен испит: бодови.
20. Критериуми за оценување (бодови/оценка): до х бода: 5 (пет) (F); од х до х бода: 6 (шест) (E); од х до х бода: 7 (седум) (D); од х до х бода: 8 (осум) (C); од х до х бода: 9 (девет) (B); од х до х бода: 10 (десет) (A);
21. Метод на следење на квалитетот на наставата;
22. Литература: 22.1. Задолжителна литература (ред.број, автор, наслов, издавач, година); 22.2. Дополнителна литература (ред. број, автор, наслов, издавач, година).

(2) Податоците за содржината на предметната програма од ставот 1 на овој член се содржани во образец кој е даден во Прилог 3, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 7

**Податоци за лицата што ќе изведуваат настава и за ментори на докторски студии**

(1) Лицата кои ќе изведуваат настава на студиската програма од прв, втор и трет циклус и менторите на докторски студии треба да ги наведат следните податоци (Прилог бр. 4 според Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми, „Сл. весник на РСМ“ бр. 256/2022):

1. Име и презиме;

2. Датум на раѓање;

3. Степен на образование;

4. Наслов на наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања;

5. Податоци за завршеното образование односно стекнати академски и научни степени (високо образование, магистерски студии, докторски студии) со година и институција на стекнување;

6. Подрачје, поле и област на магистерските студии;

7. Подрачје, поле и област на научниот степен доктор на науки со соодветен коден број на научната област на докторирање согласно Меѓународната Фраскатиевата класификација од 2015 година и релевантните домашни акти;

8. Доколку е во работен однос да се наведе институцијата каде работи и звањето во кое е избран и во која научна област со соодветен коден број согласно Меѓународната Фраскатиевата класификација од 2015 година и релевантните домашни акти;

9. Список на предмети кои наставникот ги води одделно за прво, вториот и третиот циклус на студии: ред. број, наслов на предметот, студиска програма/институција;

10. Селектирани резултати во последните пет години: 10.1. Релевантни печатени научни трудови (до пет): ред.број, автори, наслов, издавач/година; 10.2. Учество во научно-истражувачки национални и меѓународни проекти (до пет): ред. број, својство (носител или учесник), наслов, времетраење, институција од која што е организиран/ финансиран/спроведен; 10.3. Печатени книги во последните пет години (до пет): ред.број, автори, наслов, издавач/година; 10.4. Печатени стручни трудови во последните пет години (до пет): ред. број, автори, наслов, издавач/година;

11. Менторства: 11.1. Дипломски работи, 11.2. Магистерски работи, 11.3. Докторски дисертации;

12. За ментори на докторски студии дополнително се наведуваат селектирани резултати во последните пет години: 12.1. Доказ за печатени научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во даденото поле (до шест) во последните пет години: ред. број, автори, наслов, издавач/година; 12.2. Доказ за најмалку два печатени научно-истражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (impact factor) во даденото поле во последните пет години: ред. број, автори, наслов, издавач/година; 12.3. Доказ за најмалку три учества на меѓународни собири во последните пет години: ред. број, автори, наслов на трудот, меѓународен собир/конференција, година.

(2) Податоците за лицата што ќе изведуваат настава и ментори на докторски студии од ставот 1 на овој член се содржани во образец кој е даден во Прилог 4, кој е составен дел на овој Правилник.

Член 8

Составен дел на овој Правилник се одредбите од Законот за високо образование („Службен весник на Република Македонија“ бр. 82/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 178/2021), Правилникот за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 256/2022), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/2022), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на научни институти и за вршење научно-истражувачка дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 245/2022) и Правилник за содржината и формата на дипломата, упатството за подготовка на додаток на дипломата и на други јавни исправи („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/2018).

ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

(1) Со влегување во сила на овој Правилник се става вон сила Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии („Службен весник на Република Македонија“, бр. 25/11).

(2) Постапувањето по предлозите за студиски програми што се поднесени пред влегување во сила на овој Правилник ќе продолжи согласно одредбите во Правилникот за задолжителните компоненти кои треба да ги поседуваат студиските програми од првиот, вториот и третиот циклус на студии („Службен весник на Република Македонија“ бр. 25/11).

Член 10

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото објавување во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 1410-253
16 ноември 2023 година
Скопје

Национален совет за високо образование и научно-истражувачка работа
Претседател,
проф.д-р **Гордана Лажетиќ,** с.р.

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

**ПРИЛОГ 1**

**1. КАРТА НА ВИСОКООБРАЗОВНА УСТАНОВА**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на високообразовната установа | |
| 2. | Седиште | |
| 3. | Интернет страница | |
| 4. | Вид на високообразовната установа (јавна, приватна, приватно-јавна непрофитна) | |
| 5. | Податоци за последната акредитација | |
| 6. | Студиско подрачје или уметничка дисциплина (според Меѓународната стандардна класификација на образованието на УНЕСКО - МСКОБ, ISCED) и научно-истражувачки подрачја (според Меѓународната Фраскатиева класификација од 2015 година) за кои е добиена акредитација | |
| 7. | Податоци за меѓународна соработка на планот на наставата, научно-истражувачката работа и мобилноста на студентите | |
| 8. | Податоци за просторот наменет за изведување на наставната и научно-истражувачката дејност | |
| 9. | Податоци за опремата за изведување на наставната и научно-истражувачката дејност | |
| 10. | Вкупен број на студенти за кои се добиени претходни акредитации | |

Република Северна Македонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Број на студенти (првпат запишани) | |
| 12. | Број на лица во наставно-научни, научни и наставни звања | |
| 13. | Број на лица во соработнички звања | |
| 14. | Однос наставник: студенти (број на студенти на еден наставник) | |
| 15. | Однос простор: студенти ($м^2$ на еден студент) | |
| 16. | Внатрешни механизми за обезбедување и контрола на квалитетот на студиите | |
| 17. | Фреквенција на самоевалуциониот процес (секоја година, на две години, на три години) и датум на последната самоевалуација | |
| 18. | Податоци за последната спроведена надворешна евалуација на установата | |
| 19. | Други податоци кои Установата сака да ги наведе како аргумент за нејзината успешност | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

**ПРИЛОГ 2.1 - ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА НА ПРВ/ВТОР ЦИКЛУС**

| I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на студиска програма на македонски и англиски јазик, а ако студиската програма се реализира на друг јазик различен од македонскиот јазик, а кој го користат припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, називот на студиската програма е на тој јазик, македонски јазик и англиски јазик | |
| 2. | Единица на високообразовната установа (единица на универзитетот) | |
| 3. | Студиските полиња или уметнички дисциплини од прво, второ и трето ниво (Меѓународна стандардна класификација на образованието на УНЕСКО - МСКОБ, ISCED). За интердисциплинарни студиски програми, се наведуваат соодветните студиски полиња или уметнички дисциплини од прво, второ и трето ниво | |
| 4. | Вид на студии (академски или стручни) | |
| 5. | Циклус на образование (прв или втор циклус на студии, или интергириран прв со втор циклус студии) | |
| 6. | Оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС кредити и доколку е предвидено, подготвителни курсеви | |
| 7. | Времетраење на студиите (години и семестри на траење на студиската програма) | |
| 8. | Податоци дали студиската програма се поднесува за акредитација или за продолжување на претходна акредитација | |
| 9. | Начин на финансирање на предложената студиска програма, а за приватните и | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | |
|---|---|---|
| | приватно-јавните непрофитни високообразовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма | |
| 10. | Степен или ниво на квалификација потребно за запишување на студиите според Националната рамка на квалификации | |
| 11. | Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти, кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма, од државната матура, или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување | |
| 12. | Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Националната рамка на квалификации | |
| 13. | Академски или стручен назив кој се стекнува по завршувањето на студиската програма | |
| 14. | Академски или стручен назив на англиски јазик кој се стекнува по завршувањето на студиската програма | |
| 15. | Можни занимања со назив и шифри согласно Националната класификација на занимања | |
| 16. | Информација за продолжување на образованието, вклучувајќи студиски и научни полиња за студиски програми од втор и трет циклус на академски или стручни студии, за кои со завршување на соодветната студиска програма од прв или втор циклус на студии, се обезбедува соодветна проодност | |
| **II. ДЕТАЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА** | | |
| 17. | Оправданост за воведување на студиската програма | |
| 18. | Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | |
|---|---|---|
| | профил на кадри | |
| 19. | Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции | |
| 20. | Цели на студиската програма и резултати од учење кои се стекнуваат со завршување на студиите | |
| 21. | Општи и специфични дескриптори на квалификациите | |
| 22. | Структура на студиската програма (сооднос помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите | |
| 23. | Правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис | |
| 24. | Можности за избор на предмети од други акредитирани студиски програми | |
| 25. | Соодветност на структурата и содржината на циклусот на студии со општите и специфичните дескриптори | |
| 26. | Усогласеноста на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма | |
| 27. | Учебна година во којашто ќе започне реализацијата на студиската програма | |
| 28. | Број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма | |
| 29. | Информација за бројот студенти (првпат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација | |
| 30. | Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма | |
| 31. | Јазик на којшто ќе се изведува наставата | |
| 32. | Можност за изведување на наставата на странски јазик | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | |
|---|---|---|
| 33. | Роковите за завршување на предвидените активности од студиската програма | |
| 34. | Правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, дипломска работа, магистерски труд и други активности кои се изведуваат писмено кои опфаќаат најмалку содржина, обем, начин на пишување и други релевантни барања | |
| 35. | Вредност во ЕКТС кредити на завршната работа на стручните и академските додипломски и постдипломски студии | |
| 36. | Содржина на додатокот на диплома кој се издава со завршување на студиската програма | |
| **III. ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА КОЈА ЈА ОРГАНИЗИРА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА** | | |
| 37. | Листа на наставен кадар со податоци | |
| 38. | Податоци за формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кои кореспондираат со специфичноста на студиската програма, односно профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар | |
| 39. | Податоци за просторот предвиден за реализација на студиската програма | |
| 40. | Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма | |
| 41. | Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература | |
| 42. | Информација за интернет страница | |
| 43. | Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата | |
| 44. | Резултати од изведената самоевалуација | |
| 45. | Други прашања од значење за изведување на студиската програма | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

**ПРИЛОГ 2.2 - ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА НА ТРЕТ ЦИКЛУС**

| I. ОПШТИ ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА | | |
|---|---|---|
| 1. | Назив на студиска програма на македонски и англиски јазик, а ако студиската програма се реализира на друг јазик различен од македонскиот јазик, а кој го користат припадниците на заедниците во Република Северна Македонија, називот на студиската програма е на тој јазик, македонски јазик и англиски јазик | |
| 2. | Единица на високообразовната установа (единица на универзитетот) | |
| 3. | Научно-истражувачко подрачје, поле и област (согласно Меѓународната Фраскатиева класификација од 2015 година и релевантни домашни акти). За интердисциплинарни студиски програми, се наведуваат соодветните научно-истражувачки подрачја, полиња и области | |
| 4. | Циклус на образование (трет циклус на студии) | |
| 5. | Оптовареност на студиската програма изразена во ЕКТС кредити и доколку е предвидено, подготвителни курсеви | |
| 6. | Времетраење на студиите (години и семестри на траење на студиската програма) | |
| 7. | Податоци дали студиската програма се поднесува за акредитација или за продолжување на претходна акредитација; | |
| 8. | Начин на финансирање на предложената студиска програма, а за приватните и приватно-јавните непрофитни високообразовни и научни установи и доказ за обезбедена квалитетна финансиска гаранција за студиската програма | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | |
|---|---|---|
| 9. | Степен или ниво на квалификација потребно за запишување на студиите според Националната рамка на квалификации | |
| 10. | Услови за запишување на студиската програма посебно за редовни, вонредни и странски студенти, кои вклучуваат предмети релевантни за студиската програма, од државната матура или приемен испит со јасна, недвосмислена и точна содржина на испитот, неговото траење, изведување и оценување | |
| 11. | Степен или ниво на квалификација што се стекнува со завршување на студиите според Националната рамка на квалификации | |
| 12. | Научен назив кој се стекнува по завршувањето на студиската програма | |
| 13. | Научен назив на англиски јазик кој се стекнува по завршувањето на студиската програма; | |
| 14. | Можни занимања со назив и шифри согласно Националната класификација на занимања | |
| **III. ДЕТАЛНИ ПОДАТОЦИ ЗА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА** | | |
| 15. | Оправданост за воведување на студиската програма | |
| 16. | Усогласеност на студиската програма со потребите на општеството за дадениот профил на кадри | |
| 17. | Усогласеност на студиската програма со единствениот европски простор за високо образование и споредливост со програмите на европски високообразовни институции | |
| 18. | Цели на студиската програма и резултати од учење кои се стекнуваат со завршување на студиите | |
| 19. | Општи и специфични дескриптори на квалификациите | |
| 20. | Структура на студиската програма (соодност помеѓу задолжителните и изборните предмети, со листа на | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | |
|---|---|---|
| | задолжителни предмети, листа на изборни факултетски и универзитетски предмети и дефиниран начин на избор на предметите); | |
| 21. | Правила со кои се уредуваат модулите, задолжителните и изборните предмети и нивниот опис; | |
| 22. | Можностите за избор на предмети од други акредитирани студиски програми | |
| 23. | Соодветноста на структурата и содржината на циклусот на студии со општите и специфичните дескриптори | |
| 24. | Усогласеноста на теоретската и практичната настава со целите на студиската програма | |
| 25. | Учебна година во којашто ќе започне реализацијата на студиската програма | |
| 26. | Број на студенти што се планира да се запишат на студиската програма | |
| 27. | Информација за бројот на студенти (првпат запишани) на студиската програма во периодот од последната акредитација | |
| 28. | Правила, можности и услови за вонредно студирање на студиската програма | |
| 29. | Јазик на којшто ќе се изведува наставата | |
| 30. | Можност за изведување на наставата на странски јазик | |
| 31. | Роковите за завршување на предвидените активности од студиската програма | |
| 32. | Правила со кои се уредува пишувањето на писмени испити, задачи, есеи, семинарски работи, проекти, докторска дисертација и други активности кои се изведуваат писмено кои опфаќаат најмалку содржина, обем, начин на пишување и други релевантни барања | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | |
|---|---|---|
| 33. | Вредност во ЕКТС кредити на докторската дисертација | |
| 34. | Содржина на додатокот на диплома кој се издава со завршување на студиската програма | |
| **III. ПОДАТОЦИ ЗА ЕДИНИЦАТА КОЈА ЈА ОРГАНИЗИРА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА** | | |
| 35. | Листа на наставен кадар со податоци | |
| 36. | Податоци за формалното образование и истражувачкото искуство на наставниците кои кореспондираат со специфичноста на студиската програма, односно профилот и квалификацијата на наставно-научниот кадар | |
| 37. | Листа на акредитирани ментори на докторски студии | |
| 38. | Податоци за просторот предвиден за реализација на Студиската програма | |
| 39. | Листа на опрема предвидена за реализација на студиската програма | |
| 40. | Информација за обезбедена задолжителна и дополнителна литература | |
| 41. | Информација за интернет страница | |
| 42. | Активности и механизми преку кои се развива и се одржува квалитетот на наставата | |
| 43. | Резултати од изведената самоевалуација | |
| 44. | Други прашања од значење за изведување на студиската програма | |

**ПРИЛОГ 3 - СОДРЖИНА НА ПРЕДМЕТНИТЕ ПРОГРАМИ**

| | | |
|---|---|---|
| 1. | Наслов на наставниот предмет | |
| 2. | Код | |
| 3. | Студиска програма | |
| 4. | Организатор на студиската програма (единица, односно институт, катедра, оддел) | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 5. | Степен (прв, втор, трет циклус) | | | | |
| 6. | Академска година / семестар | година | | семестар | |
| 7. | Оптовареност со предметот изразена во ЕКТС кредити | | | | |
| 8. | Наставник (во случај на повеќе наставници, назначаен одговорен наставник) | | | | |
| 9. | Јазик на кој се изведува наставата | | | | |
| 10. | Неопходни предуслови за слушање и полагање на предметот | | | | |
| 11. | Цели на предметната програма (компетенции) и резултати од учењето | | | | |
| 12. | Детална содржина на предметот по поглавја и единици со резултатите од учење за секое поглавје | | | | |
| 13. | Заемна поврзаност на предметите | | | | |
| 14. | Детален опис на наставните и работните методи за предметот | | | | |
| 15. | Вкупен расположив фонд на време и распределба на расположивото време | | | | |
| 16. | Форми на наставните активности | 16.1. | Предавања- теоретска настава: часови | | |
| | | 16.2. | Вежби (лабораториски, аудиториски), семинари, тимска работа: часови | | |
| | | 16.3. | Пракса: часови | | |
| 17. | Други форми на активности | 17.1. | Проектни задачи: часови | | |
| | | 17.2. | Самостојни задачи: часови | | |
| | | 17.3. | Домашно учење: часови | | |
| 18. | Услов за потпис | | | | |
| 19. | Начин на оценување | 19.1. | Тестови: бодови | | |
| | | 19.2. | Семинарска работа/проект, презентација писмена и усна: бодови | | |

Република Северна Македонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | 19.3. | Завршен испит: бодови | | | |
| 20. | Критериуми за оценување (бодови/ оценка) | до х бода | | | 5 (пет) (F) | |
| | | х до х бода | | | 6 (шест) (E) | |
| | | х до х бода | | | 7 (седум) (D) | |
| | | од х до х бода | | | 8 (осум) (C) | |
| | | од х до х бода | | | 9 (девет) (B) | |
| | | од х до х бода | | | 10 (десет) (A) | |
| 21. | Метод на следење на квалитетот на наставата | | | | | |
| 22. | Литература | | | | | |
| | 22.1. | Задолжителна литература | | | | |
| | | Ред. Број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | | | |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |
| | 22.2. | Дополнителна литература | | | | |
| | | Ред. број | Автор | Наслов | Издавач | Година |
| | | 1. | | | | |
| | | 2. | | | | |
| | | 3. | | | | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

**ПРИЛОГ 4 - ПОДАТОЦИ ЗА ЛИЦАТА ШТО ЌЕ ИЗВЕДУВААТ НАСТАВА И ЗА МЕНТОРИ НА ДОКТОРСКИ СТУДИИ**

<table>
<tr><td>1.</td><td>Име и презиме</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>2.</td><td>Дата на раѓање</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>3.</td><td>Степен на образование</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td>4.</td><td>Наслов на наставно-научни, наставно-стручни, наставни, научни и соработнички звања</td><td colspan="3"></td></tr>
<tr><td rowspan="4">5.</td><td rowspan="4">Податоци за завршеното образование односно стекнати академски и научни степени</td><td>Образование</td><td>Година</td><td>Институција</td></tr>
<tr><td>Високо образование</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Магистерски студии</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td>Докторски студии</td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">6.</td><td rowspan="2">Подрачје, поле и област на магистерските студии</td><td>Подрачје</td><td>Поле</td><td>Област</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="2">7.</td><td rowspan="2">Подрачје, поле и област на научниот степен доктор на науки со соодветен коден број на научната област на докторирање согласно Меѓународната Фраскатиевата класификација од 2015 година и релевантните домашни акти</td><td>Подрачје</td><td>Поле</td><td>Област</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td rowspan="4">8.</td><td rowspan="4">Доколку е во работен однос да се наведе институцијата каде работи и звањето во кое е избран и во која научна област со соодветен коден број согласно Меѓународната Фраскатиевата класификација од 2015 година и релевантните домашни акти</td><td>Институција</td><td>Звање</td><td>Област</td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td></td><td></td></tr>
<tr><td></td><td colspan="2"></td></tr>
<tr><td>9.</td><td colspan="4">Список на предмети кои наставникот ги води одделно за првиот, вториот и третиот циклус на студии</td></tr>
</table>

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | . | Список на предмети кои наставникот ги води на првиот циклус на студии | | |
| | | Ред. број | Наслов на предметот | Студиска програма / институција |
| | | 1. | | |
| | | 2. | | |
| | | 3. | | |
| | | 4. | | |
| | | 5. | | |
| | | 6. | | |
| | | Список на предмети кои наставникот ги води на вториот циклус на студии | | |
| | | Ред. број | Наслов на предметот | Студиска програма / институција |
| | | 1. | | |
| | | 2. | | |
| | | Список на предмети кои наставникот ги води на третиот циклус на студии | | |
| | | Ред. број | Наслов на предметот | Студиска програма / институција |
| | | 1. | | |
| | | 2. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 10. | Селектирани резултати во последните пет години | | | | |
| | 10.1. | Релевантни печатени научни трудови (до пет) | | | |
| | | Ред.број | Автори | Наслов | Издавач / година |
| | | 1. | | | |
| | | 2. | | | |
| | | 3. | | | |
| | | 4. | | | |
| | | 5. | | | |
| | 10.2. | Учество во научно-истражувачки национални и меѓународни проекти (до пет) | | | |
| | | Ред.број | Својство (носител или учесник) | Наслов | Времетраење Институција од која што е организиран/ финансиран/спроведен |
| | | 1. | | | |
| | | 2. | | | |
| | | 3. | | | |
| | | 4. | | | |
| | | 5. | | | |
| | 10.3. | Печатени книги во последните пет години (до пет) | | | |
| | | Ред.број | Автори | Наслов | Издавач / година |
| | | 1. | | | |
| | | 2. | | | |
| | | 3. | | | |
| | | 4. | | | |
| | | 5. | | | |

Република Северна Макдонија
Национален совет за високо образование и научно – истражувачка дејност
Republika e Maqedonisë së Veriut
Këshilli kombëtar për arsimin e lartë dhe veprimtarinë kërkimore-shkencore

| | |
|---|---|
| 10.4. | Печатени стручни трудови во последните пет години (до пет) |

| Ред.број | Автори | Наслов | Издавач / година |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |

| | | |
|---|---|---|
| 11. | Менторства | |
| 11.1. | Дипломски работи | |
| 11.2. | Магистерски работи | |
| 11.3. | Докторски дисертации | |

| | |
|---|---|
| 12. | За ментори на докторски студии селектирани резултати во последните четири/ пет години |
| 12.1. | Доказ за печатени научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија или меѓународни научни публикации во даденото поле (до шест) во последните пет години |

| Ред. број | Автори | Наслов | Издавач / година |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |
| 3. | | | |
| 4. | | | |
| 5. | | | |
| 6. | | | |

| | |
|---|---|
| 12.2. | Доказ за најмалку два печатени научноистражувачки трудови во меѓународни научни списанија со фактор на влијание (*impact factor*) во даденото поле во последните пет години |

| Ред. број | Автори | Наслов | Издавач / година |
|---|---|---|---|
| 1. | | | |
| 2. | | | |

| | |
|---|---|
| 12.3. | Доказ за најмалку три учества на меѓународни собири во последните пет години |

| Ред. број | Автори | Наслов на трудот | Меѓународен собир/ конференција | Година |
|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | |
| 2. | | | | |
| 3. | | | | |